ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 04-2863/10
10.05 2023 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 51 и член 52 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр..275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Сл.весник на РМ„ бр. 11/2015 и 38/18), а во врска со објавениот Интерен оглас број 1/2023 за унапредување на административни службеници, Секретарот на општина Гази Баба ја донесе следната;

# ОДЛУКА

за извршен избор на (1) извршител – кандидат за административен службеник на работното место Советник за заштита на квалитетот на амбиентниот воздух во Одделение за квалитет на амбиентниот воздух, заштита од бучава и нејонизирачко зрачење, Сектор за заштита на животната средина и природата

1. За извршител на работното место Советник за заштита на квалитетот на амбиентниот воздух во Одделение за квалитет на амбиентниот воздух, заштита од бучава и нејонизирачко зрачење, Сектор за заштита на животната средина и природата се избира кандидатот

   - Томе Димовски-

2. Именуваниот ќе биде вработен на горенаведеното работно место по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување.

*ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

Комисијата за селекција и унапредување на административен службеник формирана од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба со Решение бр. 04-2863/6 од 03.05.2023 година спроведе постапка за унапредување на административни службеници по објавениот Интерен оглас бр.1/2023 на веб страната на Општина Гази Баба и веб страната на Агенцијата за администрација согласно член 51 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр..275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од

20.23 год. 10.05
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Сл.весник на РМ„ бр. 11/2015 и 38/18).

Врз основа на изготвениот Записник за административна селекција за интерен оглас со број 04-2863/7 од 09.05.2023 година и Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју со број 04-2863/8 од 09.05.2023 година со Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог – одлука за избор на прво рангираниот кандидат Секретарот на Општина Гази Баба изврши избор како во Диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, Градоначалникот на Општина Гази Баба ќе донесе Решение за вработување на избраниот кандидат.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Секретар

Ивонка Симениовска Стојковски

Изработил
Советник,
Сања Димовска

Согласен
Раководител на сектор,
Влатко Лакордов